# „Халалот е јасен и харамот е јасен

Од Нуман бин Бешир, радијаллаху анху, се пренесува дека рекол: Го слушнав Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, дека кажал - и покажа Нуман со прстите кон ушите-: „Халалот е јасен и харамот е јасен, а помеѓу нив се сомнителните работи кои не им се јасни на повеќето луѓе, па кој се оддалечи од тие сомнителни работи, тој ја сочувал својата вера и чест, а кој ќе навлезе во сомнителните работи ќе навлезе во забранетото, исто како пастирот кој го чува своето стадо блиску до забрането место, стадото лесно може да влезе во него. Секој Владател има забранети територии, а таа на Аллах се харамот. Навистина во телото има еден орган, ако е тој здрав и телото ќе биде здраво, а ако тој не е здрав и телото ќе биде расипано, а тоа е срцето."

[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, го толкува општото правило во сите работи, а тоа правило во шеријатот се дели на три дела: јасниот халал, јасниот харам и сомнителните работи за кои не е јасно дали спаѓаат во халал или харам, поголемиот број на луѓе не знаат во која група спаѓаат. Кој ги одбегнува овие сомнителни работи ќе ја спаси својата вера со тоа што се оддалечил да не навлезе во некоја забранета работа, и исто така ја спасил својата чест од тоа луѓето да кажуват нешто лошо за него затоа што навлегол во овие сомнителни работи. Кој не се одалечил од сомнителните работи, таквиот се изложил или да навлезе во забранети работи, или пак луѓето да зборуваат за неговата чест. Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, дал пример со кој ја опишува состојбата на тие што навлегле во сомнителни работи, дека е слична на пастирот кој го чува своето стадо блиску до туѓа земја. Голема е можноста стадото на овој пастир да навлезе во таа туѓа земја заради близината во која се наоѓа, исто е и со тој што прави дела кои се сомнителни, бидејќи тој се приближува до забранетото и многу лесно може да направи нешто забрането. А потоа Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, нѐ известил дека во телото има еден орган (срцето), ако е здрав и телото ќе биде здраво, а ако е болен (нефункционален) и телото ќе биде болно.